Во согласност со Законот за високото образование (Службен весник на РСМ бр. 82 од 8.5.2018 година), Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година), Одлуката на Ректорската управа бр. 02-430/2, донесена на 269. седница одржана на 22.3.2022 година, Одлуката на Ректорската управа бр. 02-695/2, донесена на 272. седница одржана на 16.6.2022 година и Одлуката од Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 41-4897/1 од 14.6.2022 година (Службен весник бр. 139/2022), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во академската 2022/2023 година

**I. Студиските програми, бројот на студенти и школарината за запишување на нови студенти на трет циклус студии – докторски студии се дадени во следнава табела:**

| ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Студиска програма** | **Број на студенти** | **Школарина** (евра)** | **Единица на УКИМ** |
| 1. | Дефектологија | 18 | 5000 | Филозофски факултет |
| 2. | Педагогија | 27 | 5000 | |
| 3. | Психологија | 4 | 5000 | |

| ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Студиска програма** | **Број на студенти** | **Школарина** (евра)** | **Единица на УКИМ** |
| 5. | Историја на Македонија | 59 | 4500 | Институт за национална историја/ Филозофски факултет |
| 6. | Историски науки | 27 | 5000 | Филозофски факултет |
| 7. | Историја на уметноста и археологијата | 22 | 5000 | |
| 8. | Филозофија | 8 | 5000 | |

** Во школарината се вклучени износот на трошоците за студирање, т.е. за организирање на наставата, работилници и семинари, менторот, комисиите на факултетите/институтите што се организатори на студиската програма, раководење на студиската програма, Универзитетската школа за докторски студии. Во школарината не се вклучени материјалните трошоци за истражувањето на темата, мобилноста, визитинг-наставници и другите трошоци согласно со договорот за студирање. Факултетот/институтот што е организатор на студиската програма утврдува дополнителни износи за истражувањето на кандидатите, во зависност од научната област, и тие се објавуваат на веб-страницата на единицата и на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## II. Листа на ментори со број на слободни места по студиска програма

Листата на метори со број на слободни места по студиска програма е објавена на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:
http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=152&glavno=8

## III.Услови и начин на запишување студенти:

**1. На докторски студии можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои ги исполнуваат следниве основни услови:**

- завршени втор циклус академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;
- завршени постдипломски студии на студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити за организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити, или со завршени интегрирани студии со 360 кредити;
- остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8. Наставно-научниот/научниот /наставно-научниот и уметнички совет, со воведување на дополнителни услови, може да овозможи запишување на кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителните услови утврдени од советот на студиската програма;
- сертификат/уверение за познавање на англиски јазик.

**2. Дополнителни услови**

**2.1.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Фармацевтскиот факултет во Скопје,** согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 1992/1993 година, во траење од 5 години, и се стекнале со диплома: дипломиран фармацевт;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 2002/2003 година и се стекнале со диплома: магистер по фармација;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 1981/1982 година, во траење од 4 години, кои се стекнале со диплома: дипломиран фармацевт и имаат завршена здравствена специјализација во траење од 3 години.

**2.2.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Медицинскиот факултет во Скопје,** согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до учебната 2005/2006 година и се стекнале со диплома: доктор на медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиска програма од учебната 2005/2006 година (360 кредити) и се стекнале со диплома: доктор по медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, треба да имаат најмалку два in extenso труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**2.3.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје** можат да се запишат и:

- лица со завршени интегрирани прв и втор циклус студии од областа на ветеринарната медицина и медицинските науки, односно завршени втор циклус студии од сродните области од природно-математичките и биотехничките науки;
- лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и се стекнале со диплома: доктор по ветеринарна медицина;
- лица со завршени специјалистички студии од соодветни и сродни области;
- лица кои завршиле според студиски програми од областа на медицинските науки, пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри и имаат завршено втор циклус студии.

**2.4.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Стоматолошкиот факултет во Скопје** можат да се запишат и:

- лица кои завршиле според студиските програми до учебната 2003/2004 година и се стекнале со диплома: доктор на стоматологија или со диплома: доктор по стоматологија, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од учебната 2003/2004 година и се стекнале со диплома: доктор по стоматологија, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиските програми од учебната 2010/2011 година и се стекнале со диплома: доктор по дентална медицина, а се во тек на втора половина од здравствена специјализација.

**2.5.** Покрај исполнувањето на основните услови, наведени во дел III, точка 1 од овој Конкурс, на докторски студии на **Архитектонскиот факултет во Скопје** можат да се запишат и:

- лица кои завршиле студии по архитектура по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри;
- лица кои се стекнале со звањето специјалист во рамките на третиот циклус студии, при што на овие кандидати им се признаваат најмногу 60 кредити.

## IV. Дополнителни услови утврдени од советите на студиските програми

**Математички науки и примени:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по математички науки и примени го задржува правото да процени кој кандидат (при формално исполнети услови) може да се запише на докторските студии по математички науки и примени. Советот на студиската програма може да додели дополнителни испити од I и II циклус студии. Доколку се доделат дополнителни испити, тие се наплаќаат по 50 евра за секој испит од I циклус и по 100 евра за секој испит од II циклус студии.

**Физика:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по физика го задржува правото да процени кој кандидат (при формално исполнети услови) може да се запише на докторските студии по физика (ова особено се однесува за кандидати чие претходно образование нема гранични области со физиката).

**Географија**: Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по географија го задржува правото да процени кој кандидат (при формално исполнети услови) може да се запише на докторските студии по географија (ова особено се однесува за кандидати чие претходно образование не е од областа на географијата).

**Хемија:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по хемија го задржува правото да процени кој кандидат (при формално исполнети услови) може да се запише на докторските студии по хемија (ова особено се однесува за кандидати чие претходно образование не е во доменот на хемијата и сродните научни дисциплини).

**Информатика:** На студиската програма од трет циклус студии – докторски студии *Информатика* ќе се дозволи запишување на студенти кои имаат остварен просечен успех 8,00 и повеќе од претходно

завршеното високо образование, т.е. на додипломски студии, просек од сите предмети од најмалку 8,00 и постдипломски студии, просек од сите предмети од најмалку 8,00.

По исклучок од овој став, ќе се дозволи упис на студенти кои имаат просек над 7,5 од додипломски студии и над 7,5 од постдипломски студии само доколку имаат објавено труд како прв автор во списание со фактор на влијание (индексиран од Thomson Reuters).

**Архитектура и урбанизам:** На докторски студии по архитектура и урбанизам можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои исполнуваат **дополнителни услови**. Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по архитектура и урбанизам ќе дозволи упис на студенти кои имаат остварен просечен успех од најмалку 7,5 доколку:

- имаат објавено најмалку еден труд како автор во референтна научна публикација, согласно со член 2, став 1, алинеја 24 од Законот за високото образование;
- студентите кои не ги завршиле претходните студии на Архитектонскиот факултет во Скопје, потребно е да имаат најмалку две препораки од универзитетски наставници со оценка на оспособеноста на кандидатот за научна работа, познавање и достигнување во струката.

**Градежништво:** Покрај исполнувањето на основните услови наведени во овој Конкурс, Советот на студиската програма по градежништво ќе дозволи упис на студенти на трет циклус студии – докторски студии и на студентите кои ги исполнуваат следните дополнителни услови:

- завршени студии од прв циклус од областа со остварен просечен успех од сите предмети од најмалку 7,50;
- завршени студии од втор циклус од областа со остварен просечен успех од сите предмети од најмалку 8,00;
- најмалку два научни труда од областа на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, но не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии.

**Геодезија:** За запишување на докторски студии по геодезија, освен студенти со завршен I и II циклус по геодезија, соодветни струки од I и II циклус се геоматика и геоинформатика.

**Машинство:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по машинство ќе дозволи упис на студенти кои имаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование (прв и втор циклус студии посебно) од најмалку 7,5 само доколку:

- имаат најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;
- имаат најмалку два научни труда од областа на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, до денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии.

**Индустриско инженерство и менаџмент:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по индустриско инженерство и менаџмент ќе дозволи упис на студенти кои имаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование (прв и втор циклус студии посебно) од најмалку 7,5 само доколку:

- имаат најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;

- имаат најмалку два научни труда од областа на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор и не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии.

**Компјутерски науки и инженерство:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по компјутерски науки и инженерство ќе дозволи упис на студенти кои немаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование од најмалку 8,00 само доколку имаат најмалку еден објавен труд во списание со фактор на влијание (индексиран од Thomson Reuters), при што кандидатот треба да биде прв автор на трудот (трудовите).

**Металургија:** Советот на студиската програма од трет циклус студии – докторски студии по металургија ќе дозволи упис на студенти кои имаат остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование (прв и втор циклус студии посебно) од најмалку 7,5 само доколку ги исполнуваат дополнителните критериуми:

- завршени студии од прв циклус од областа;
- завршени студии од втор циклус од областа;
- најмалку две препораки од наставници со оценка на оспособеноста за научна работа, познавање и достигнување во струката, од кои една од потенцијалниот ментор и една од наставник кој покрива предмети од областа на темата за докторска дисертација;
- најмалку два научни труда од областа на истражување, објавени во национално или меѓународно научно или стручно списание, монографија или меѓународна конференција, од кои најмалку во еден како прв автор, но не постари од пет години од денот на поднесувањето на пријавата за запишување на трет циклус студии.

**Кинезиологија:** Советот на студиската програма на трет циклус студии по кинезиологија, согласно со донесена одлука, ќе дозволи запишување на трет циклус студии – докторски студии и на кандидати кои имаат: остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршено високо образование (прв и втор циклус студии посебно) од најмалку 7,50 и доколку кандидатот има препорака од најмалку двајца наставници со оценка на интересот и способноста на кандидатот за научна работа.

**Филозофија:** Кандидатите треба да имаат завршено студии од прв циклус по филозофија и студии од втор циклус по филозофија или сродни дисциплини од општествените и хуманистичките науки. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања на полето на филозофијата, како: објавени трудови, учества во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и сл.

**Историски науки:** Студиите се отворени за сите магистри по историја. Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено магистерски студии од друго научно поле од подрачјето на општествените науки, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за дополнителните обврски ќе одлучува Советот на докторските студии на историски науки. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања во полето на историските науки. Притоа, предвид ќе бидат земени следните елементи: објавени трудови, учества во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и слично.

**Историја на уметноста и археологија:** Студиите ќе бидат отворени за сите магистри по историја на уметноста и археологија. Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено магистерски студии од друго научно поле од подрачјето на хуманистичките или општествените науки, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за нив ќе одлучува Советот на докторски студии на студиската програма. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања во областа на историјата на уметноста и археологијата, а предвид ќе бидат земени и следните дополнителни критериуми на пријавените кандидати: објавени

трудови, учество во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и слично.

**Дефектологија:** Остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии) од најмалку 7,5, само по исклучок, доколку се исполнети дополнителните услови утврдени од Советот на студиската програма (еден објавен труд во зборник со меѓународен уредувачки одбор и најмалку две активни учества на меѓународни стручно-научни конференции).

Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено додипломски и магистерски студии од друго научно поле од подрачјето на општествените или хуманистичките науки, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за дополнителните обврски ќе одлучува Советот на докторски студии на студиската програма.

**Социологија:** Студиите ќе бидат отворени за сите кои магистрирале во подрачјето на општествените науки и од подрачјето на хуманистичките науки и уметности. Доколку на докторските студии се пријават кандидати кои имаат завршено магистерски студии од друга област, нивните пријави ќе се разгледуваат поединечно и за дополнителните обврски ќе одлучува колегиумот на студиската програма. Кандидатите кои немаат завршено социологија на прв или втор циклус студии, или постдипломски студии по европски студии за интеграција, треба да полагаат диференцијален испит по социологија. Испитот ќе го полагаат откако ќе се запишат на докторски студии, а тој ќе биде услов за да можат да преминат на полагање на другите испити предвидени со програмата. Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања во областа на социологијата, како: објавени трудови, учества во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и слично.

**Психологија:** Студиите се отворени за сите кандидати кои ги исполнуваат условите за упис на докторските студии согласно со објавениот конкурс и кои имаат завршено студии од прв циклус по психологија и студии од втор циклус по психологија или сродни дисциплини од општествените и хуманистичките науки. Освен општите услови за упис, кандидатите треба да задоволат и еден од следните критериуми:

- да имаат освоено најмалку 30 ЕКТС-кредити од предмети од областа на методологија на научни истражувања, статистика (статистичка обработка на податоци) и психометрија од претходните циклуси на студирање, или
- да имаат објавено најмалку два рецензирани емпириски научни труда од областа на психологијата.

Предност при уписот ќе имаат кандидатите со повисок постигнат успех, како и кандидатите со повисоки научни достигнувања на полето на психологијата, како: објавени трудови, учества во научноистражувачки проекти, учество на стручни и научни собири, конференции и слично.

**Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности:** За студиските програми по сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности, право на запишување на докторските уметнички студии имаат кандидатите кои ги исполнуваат критериумите за студент на докторски уметнички студии. Соодветноста на претходно завршените студии се утврдува од страна на Советот на студиската програма за докторски студии.

За филмска и театарска режија може да се запишат студенти на трет циклус кои, освен основните/општи услови, имаат снимено и презентирано на филмските фестивали најмалку два документарни или играни филма или имаат поставено најмалку две претстави на професионалните театарски сцени.

**Културна историја и географија на Македонија:** За кандидатите кои не ги исполнуваат условите во зависност од спецификите на научната област, Советот на студиската програма може да утврди дополнителни критериуми за запишување.

**Музичка интерпретација и композиција:** Позитивна оценка за селекција на кандидатот донесена од страна на Советот на студиската програма, врз основа на увидот во содржината на прилогот кон пријавата што кандидатот треба да го достави, а кој во зависност од областа се состои од:

За областа видови инструменти:

- ДВД со квалитетен видео- и аудиозапис на кој кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 45 минути. Програмата се изведува на памет, освен кај дувачките инструменти.

Нема да бидат прифатени и да се земат предвид записите кои се постари од 1 година, сметајќи од денот на поднесување на пријавата.

За областа соло (вокално) пеење:

- ДВД со квалитетен видео- и аудиозапис на која кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 45 минути. Програмата се изведува на памет.

Нема да бидат прифатени и да се земат предвид записите кои се постари од 1 година, сметајќи од денот на поднесување на пријавата.

За областа оркестарско диригирање:

- портфолио за остварени настапи како диригент на најмалку два (2) целовечерни концерта со симфониски оркестар, кои вклучуваат и солисти со времетраење од најмалку 60 минути и еден (1) концерт со вокално-инструментална композиција со времетраење од најмалку 40 минути;
- ДВД со квалитетен видео- и аудиозапис на кој кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 45 минути.

За областа хорско диригирање:

- портфолио за остварени настапи како диригент на концерти со хорска музика, и тоа: најмалку два концерта со различна а капела програма со вкупно времетраење од најмалку 80 минути и еден концерт со вокално-инструментална музика со времетраење од  најмалку 40 минути;
- ДВД со квалитетен видео- и аудиозапис на кој кандидатот изведува слободна програма во траење од најмалку 45 минути.

За областа композиција:

- портфолио од композиции со вкупно времетраење од најмалку 60 минути, од кое најмалку 2 композиции за симфониски оркестар;
- доказ дека дел од композициите се јавно изведени.

**Фолклористика:** Студентите кои имаат минимум просек од 7,50, како и два труда објавени во референтни научни публикации, имаат право на запишување на докторски студии на студиската програма по фолклористика.

## V. Избор на кандидатите

### Прелиминарна листа на примени кандидати

По завршувањето на Конкурсот, единицата ја објавува прелиминарната листа на примени кандидати на докторски студии, за секоја студиска програма. За кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии, се објавува посебна листа**.**

Листите се објавуваат на веб-страницата на единицата.

Прелиминарната листа на примени кандидати и листата на кандидати кои не ги исполнуваат условите се утврдуваат од страна на советот на студиската програма.

Кандидатите имаат право на приговор по листата во рок од 36 часа. Приговорот се поднесува во писмена форма до советот на студиската програма. Советот на студиската програма донесува конечна одлука во рок од 36 часа.

Одлуката на советот на студиската програма е конечна.

### Конечна листа на примени кандидати

По завршувањето на постапката по приговорите, советот на студиската програма ја доставува листата на примени кандидати до Универзитетскиот стручен совет за докторски студии.

Универзитетскиот стручен совет за докторски студии ја утврдува конечната листа на примени кандидати и ја објавува на веб-страницата на Универзитетот.

Утврдената листа на примени кандидати е конечна.

Одлуката за потврдување на конечната листа на примени кандидати се објавува на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: www.ukim.edu.mk.

**VI. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите**

| Рок за пријавување и запишување | Прв уписен рок | Втор уписен рок |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 19.9.2022 – 7.10.2022 | 12.12.2022 – 23.12.2022 |
| Објавување прелиминарни листи | 14.10.2022 | 28.12.2022 |
| Одлучување по приговори | 20.10.2022 | 10.1.2023 |
| Објавување конечни листи | 24.10.2022 | 17.1.2023 |
| Запишување на кандидатите | 26.10.2022 – 4.11.2022 | 23.1.2023 – 27.1.2023 |

**VII. Начин на пријавување и документи за пријавување**

Пријавувањето на кандидатите се врши на начин согласно со Упатството за реализација на Конкурсот, кое е објавено на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:
**http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/SSDS/Upatstvo-za-Konkurs.pdf**

Кандидатот кој се пријавува на Конкурсот, ги поднесува следните документи во скенирана форма:

1. пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира;
2. првична согласност на ментор од листата на ментори;
3. писмо за мотивација со назначување на областа на истражување;
4. кратка биографија;
5. уверение за положени испити од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
6. уверение за положени испити од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
7. диплома од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
8. диплома од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
9. сертификат/уверение за познавање на англиски јазик. Познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде што студиската програма се изведувала на англиски јазик.
10. кандидатите кои своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус), го завршиле во странство, доставуваат нострифицирани документи, со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценките, доколку системот на оценување е различен од Република Северна Македонија.

**VIII. Запишување на студентите**

Запишувањето на студентите се врши на единицата на која припаѓа студиската програма од 26.10.2022 до 4.11.2022 година.

При запишувањето, кандидатите треба ги поднесат, во оригинал или фотокопија заверена на нотар, сите документи кои ги доставиле преку електронска пошта во скенирана форма.

Исто така, во единицата каде што припаѓа студиската програма се доставуваат и следните:

1. индекс и пријавни листови;
2. две фотографии (две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 и една со димензии 2 x 3);
3. конечна согласност од менторот;
4. пријава за избор на предмети од академска обука;
5. договор за студирање;
6. потврда за уплатена прва рата од школарината;
7. потврда за уплата од 250 евра во денарска противвредност на Универзитетската школа за докторски студии;
8. образец за согласност на студентот за електронска комуникација.

Школарината се плаќа на 6 еднакви рати, на почетокот на секој семестар, во денарска противвредност. Таа се уплаќа на сметка на единицата со која студентот склучил договор за студирање.

При уплата на првата рата на сметка на единицата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, примените кандидати вршат уплата во износ на 250 евра во денарска противвредност, на сметката на Универзитетската школа за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на следнава:

- сметка: 160 010 3689 788 18;
- приходна шифра и програма: 723012 41;
- банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија.

## IX. Контакт

Адреса: Бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје

Електронска адреса: skola_za_ds@ukim.edu.mk

**Конкурсот е објавен на веб-страницата:**

**http://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=152&glavno=8**